# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 01, година LIII**
**Вторник, 12.01.2022**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за за давање на трајно користење без надоместок на настрешници во функција на објект на КП бр.8216 КО Битола 4" сопственост на Општината Битола на ЈП Пазари Битола**

1. Ја објавувам Одлука за за давање на трајно користење без надоместок на настрешници во функција на објект на КП бр.8216 КО Битола 4" сопственост на Општината Битола на ЈП Пазари Битола, донесена на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-19/1
12.01.2022 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" број 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење без надоместок на настрешници во функција на објект на КП бр.8216 КО Битола 4" сопственост на Општината Битола на ЈП Пазари Битола**

**Член 1**

Со оваа Одлука на ЈП Пазари Битола, му се дава на трајно користење без надоместок настрешници на микролокација бр.25 до објектот на Управна зграда на ЈП Пазари Битола, ул. Жикица Ј. Шпанац бб на КП бр.8216 КО Битола 4 сопственост на Општината Битола, изведени врз основа на Одобрение за поставување на урбана опрема со бр.23-47393/2020 од 15.10.2020 година, Програма за поставување на урбана опрема на јавни површини на Општина Битола со бр.09-75/52 од 11.08.2020 година, Основен проект со тех. Број. 07-2019 од 11.08.2020 година, изработен од ЈП за УППИ, Битола и Договор за изградба на настрешници во функција на објект на КП бр.8216 КО Битола 4 – ЈП Пазари – Битола, склучен помеѓу Општина Битола со бр.08-1264/1 од 24.12.2019 година и БВ Инженеринг ДООЕЛ Битола со бр.03-788/1

од 24.12.2019 година, согласно изведени работи во вредност од 13.419.892,00 денари.

**Член 2**

Вредноста на оваа инвестиција ќе биде запишана како основачки влог во ЈП Пазари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/3
10.01.2022 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлука за согласнот и кофинансирање на проектот SMART 4You2.

1. Ја објавувамОдлуката за согласнот и кофинансирање на проектот SMART 4You2,донесена на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/2
12.01.2022 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002), член 22 став 1 точка 15 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/19, 19/20 и 05/21) а во врска со добивањето на Грантот запроект „Smart4You2”, во рамките на EuropeAid / 170339 / DD / ACT / MK, Прекугранична програма Република Северна Македонија - Република Албанија во рамките на Инструментот за Претпристапна помош (ИПА II) алокации за 2018 - 2020 година, Советот на Општина Битола на седницата одржана на 10.01.2022 година донесе

## О Д Л У К А
## Засогласност и кофинансирање на проектот „Smart4You2“

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за учество и сеутврдуваат финасиски средства во износ од 296.562,00 евра, со која Општина Битола ќе учествува со кофинансирање во проектот „Smart4You2”, во делот на реконструкција на објект „ПАРК” кој се наоѓа на КП бр.16702/1 КО Битола 3 запишано во имотел лист бр.95208. Овај проект е финансиран од Делегација на Европската Унија во Република Северна Македонија и е склучен договор со број IPA/2021/429-447. Партнери на проектот се: Општина Пустец - Република Албанија, Регионален директорат за културно наследство Корча - Република Албанија, НУ Завод и музеј Битола и Младински Културен Центар – Битола.

**Член 2**

Средствата од членот 1 од оваа Одлука да се обезбедат од буџетот на Општина Битола за наредните три години.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/4
10.01.2022 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлука за примање на донација - БЕКУТАН КИДС ВИТС - Б КОМПЛЕКС сируп од Алкалоид АД Скопје.

1. Ја објавувамОдлуката за примање на донација – БЕКУТАН КИДС ВИТС – Б КОМПЛЕКС сируп од Алкалоид АД Скопје, донесена на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.01.2022година, донесе

## ОДЛУКА
## за примање на донација - БЕКУТАН КИДС ВИТС - Б КОМПЛЕКС сируп од Алкалоид АД Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола во својство на примател ја прима донацијата – БЕКУТАН КИДС ВИТС – Б КОМПЛЕКС (7 производи) кој е портфолио производи од Алкалоид АД Скопје наменето за деца, кои овозможуваат грижа за детското здравје и потпомагаат во одредени состојби кога е потребна асистенција.

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-03/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлука за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Битола во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво”

1. Ја објавувам Одлуката за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Битола во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво“, донесена на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.05/2002 година) и член 70 од

Статутот на Општина Битола (“Службен Гласник на Општина Бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21 ), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 10.01.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Битола во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво“**

**Статус на работната група**

**Член 1**

Институционалната работна група на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво” се формира како специјализирано работно тело во рамките на Општината (во понатамошниот текст: Институционална работна група)

**Членови на Институционалната група**

**Член 2**

Институционалната работна група има 14 членови.

Членови на институционалната работна група се:

Координатор на групата е општинската контакт точка
Наташа Ташкова Поповска
Раководител на сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија во Општината
Снежана Петровска
Rаководител на одд. за јавни дејности во Општината
Виолета Налевска
Советник за култура во Општината
Анита Анѓелевска
Раководител на одд. за комунални дејности во Општина
Марјана Спасевска
Раководител на одделение за буџет во Општината
Блага Талевска
Претставник на центарот за социјална работа
Газаљ Метљику
Претставник на локалниот центар за вработување
Усни Сулејмани
Претставник на локалната здравствена установа
Благоја Лазаров
Претставник од локалната институција на Министерството за внатрешни работи/полиција
Александар Нечоски
Претставник од предучилишна установа
Симона Стефановска Јовевска
Претставник од училишна институција
Марија Ковачевска
Претставник од локалната институција на Управата за матична евиденција
Мицко Славкоски
Претставник на локалната институција за култура
Гордана Ѓорѓиевска Неделковски

Други претставници на единицата за локална самоуправа и други институции кои можат да придонесат за остварување на приоритетите дефинирани од Акционите групи на заедницата на Програмата ROMACTED (претставници на ромската заедница)

Доколку е потребно, на состаноците на Институционалната работна група може да бидат поканети експерти и претставници на други тела или организации, за да ги информираат членовите на Институционалната работна група за одредено прашање (на пр. Заштитник на граѓани, претставници на други тела, претставници на граѓанското општество организации, медиуми, итн.)

**Надлежности на институционалната работна група**

**Член 3**

Надлежностите на членовите на институционалната работна група се:

- учествува во развојот и имплементацијата на заеднички активности/планови со Акционата група на Заедницата на Програмата ROMACTED, фацилитаторот и националниот тим ROMACTED;

- обезбедува постојана комуникација и соработка со претставниците на Акционата група на Заедницата на ROMACTED програмата, фацилитаторот и националното лице за контакт за Програмата ROMACTED, директно или индиректно преку одговорно лице;

- учествуваат во работилници и сесии за обука организирани од фацилитаторот и/или национално лице за контакт за програмата ROMACTED во рамките на планираните активности на програмата ROMACTED;

- дава поддршка за постигнување позитивни промени во тековните административни практики (оценети како такви и од вработените во локалната самоуправа и од ромската заедница), кои произлегуваат од горенаведените сесии за обука и дијалог со ромската заедница;

- активно дава поддршка и учествува во проценка на резултатите и влијанието што програмата ги генерира на терен;

- дава навремени информации до градоначалникот/советот на градот за напредокот од спроведувањето на програмата преку координаторот на институционалната работна група и осигурува дека сите предложени одлуки ќе бидат земени предвид и ќе им бидат презентирани на одлучувачите на разгледување;

- разменува информации за тековните активности и иницијативи во надлежност на сите институции чии претставници се членови на Институционалната работна група и разменува податоци во согласност со прописите за заштита на личните информации;

- придонесува за подготовка или преглед на Локалниот акционен план за социјална инклузија на мажи и жени Роми, заедно со Акционите групи на заедницата од ромската заедница, основани во рамките на Програмата РОМАКТЕД и дава поддршка на усвојувањето на документот од општинското собрание;

- обрнува внимание да го интегрирате, колку што е можно, Локалниот акционен план за социјално вклучување на мажите и жените Роми во целокупните стратешки развојни документи на локалната самоуправа;

- дава поддршка за имплементација на Локалниот акционен план за социјална вклученост на мажите и жените Роми, вклучително и активности кои се интегрирани во стратегиите за развој на општината, предлагајќи пренамена на локалните ресурси, како и обезбедување, ако и кога е можно, други извори на финансирање, вклучувајќи ги и фондовите на ЕУ.

- укажува на надлежните органи случаи на дискриминација во општината/градот; - промовирање и поддршка за вклучување на Ромите во процесот на донесување одлуки на локално ниво (особено во општинските/градските тела, училишните одбори, советите на родителите, итн.);

- иницира одлуки на надлежните општински/градски тела и други тела и организации кои го подобруваат статусот на Ромите;

- учествуваат во активностите што промовираат интеркултуралност и го информираат целото население во општината/градот за ромската култура;

- ја информира јавноста за нејзините активности и за статусот на Ромите во Битола [општина/град]; - презема други активности насочени кон подобрување на статусот на Ромите во Битола [општина/град], во согласност со законот и општите акти на општината/градот.

**Средства за работа**

**Член 4**

Општината/градот обезбедува средства за работа на Институционалната работна група.

Членовите на институционалната работна група не добиваат посебен надомест за нивната работа во институционалната работна група

**Начин за работа на општинската работна група**

**Член 5**

Институционалната работна група ги извршува своите должности во согласност со одредбите на Статутот и Деловникот за работа на општинскиот/градскиот совет.

Прашањата што не се регулирани со актите од став 1 на овој член, се уредуваат со Деловник за работа што општинската работна група ќе го донесе со мнозинство гласови од целото членство.

**Начин на Известување/Годишен/Месечен Извештај**

**Член 6**

Институционалната работна група ќе поднесе годишен извештај до Советот на општината/градот до 1 март во тековната година за претходната година.

Институционалната работна група поднесува месечни извештаи за својата работа до членот на општинскиот/градскиот совет одговорен за социјални работи.

Членот на општинскиот/градскиот совет го дава своето мислење за годишниот извештај за работа на општинската работна група.

Годишниот извештај ќе содржи информации за работата на Институционалната работна група и нејзината проценка на статусот на Ромите во Општината.

Доколку е потребно, институционалната работна група може да поднесе посебен извештај до општинскиот/градскиот совет.

**Стапување на сила**

**Член 7**

Оваа одлука се објавува во Службен весник на Општината.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.Гласник на Општина Битола.

Бр.09-03/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за измена на Решението за изменување на постојан овластен претставник од Советот на Општината Битола за годишните собранија на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола.**

1. Го објавувам Решението за измена на Решението за изменување на постојан овластен претставник од Советот на Општината Битола за годишните собранија на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола, донесено на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-19/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), а во врска со член 6-а од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 72/15...244/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седница одржана на 10.01.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за изменување на постојан овластен претставник од Советот на Општината Битола за годишните собранија на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола**

1. Во Решението за именување на постојан овластен претставник од Советот на Општината Битола за годишните собранија на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола („Службен гласник на Општината

Битола“ бр.10/15, 16/16, 14/17) , се врши измена во точка 3, на начин што:
„за постојан овластен претставник кој ќе ги врши работите од надлежност на Собранието на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола се именува лицето Зоран Петковски - член во Советот на Општината Битола “.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен Гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Ценовникот за вршење на улуги одстранување на оштетени и возила во дефект од општинските и локалните патишта на територијата на општина Битола на ДООЕЛ АЛЕКС ШЛЕП Битола.**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Ценовникот за вршење на улуги одстранување на оштетени и возила во дефект од општинските и локалните патишта на територијата на општина Битола на ДООЕЛ АЛЕКС ШЛЕП Битола, донесена на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 64-б став 3 и 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08…163/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.01.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање на согласност на Ценовникот за вршење на услуги за отстранување на оштетени и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на општина Битола на ДООЕЛ АЛЕКС ШЛЕП Битола**

1.СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Ценовникот за вршење на услуги за отстранување на оштетени и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на општина Битола на ДООЕЛ АЛЕКС ШЛЕП Битола.

2.Составен дел на ова Решение е Ценовникот.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за добивање согласност за работа на воспитните групи со поголем број деца, односно со помал број на деца во детските градинки кои работат во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола.**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за добивање согласност за работа на воспитните групи со поголем број деца, односно со помал број на деца во детските градинки кои работат во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола, донесено на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен Весник на РСМ” бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021), член 5 од Одлуката за добивање согласност за работа на воспитните групи со поголем број деца, односно со помал број на деца во детските градинки кои работат во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола бр.02-303/1 од 23.12.2021год. и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен Гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на10.01.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за добивање согласност за работа на воспитните групи со поголем број деца, односно со помал број на деца во детските градинки кои работат во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола.

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за добивање согласност за работа на воспитните групи со поголем број деца, односно со помал број на деца во детските градинки кои работат во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола бр.02-303/1 од 23.12.2021год.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен Гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола.

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола, донесено на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен Весник на РСМ” бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021), член 2 од Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола бр.02-304/1 од 23.12.2021год. и член 70 од Статутот на

Општината Битола („Службен Гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на10.01.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола.**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола бр.02-304/1 од 23.12.2021год.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен Гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на членови во комисија за поценка на штети од елементарни и други непогоди.**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на членови во комисија за поценка на штети од елементарни и други непогоди, донесено на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.01.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на членови во Комисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди**

1. Се разрешуваат од членови во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди лицата:
- Александар Цуцуловски
- Стевче Митревски
- Елизабета Колевска
- Митре Стојановски
- Марјан Јовановски

2.Се именуваат за членови во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди лицата:
- Златко Шешов, директор на ИЗИИС - претседател
- Живко Марковски, дипл. градежен инж.
- Љупчо Лазаревски, дипл. градежен инж.
- Марјан Јовановски, дипл. инж. архитект
- Виктор Ивановски, дипл. правник

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучок со кој се бара од Владата на РСМ да одржи итна седница на која ќе ја разгледа состојбата во Општина Битола после земјотресот и донесе одлука за обезбедување средства за санација на штетите.

1. Го објавувам Заклучокот со кој се бара од Владата на РСМ да одржи итна седница на која ќе ја разгледа состојбата во Општина Битола после земјотресот и донесе одлука за обезбедување средства за санација на штетите,донесен на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.01.2022год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-19/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.01.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 10.01.2022 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## со кој се бара од Владата на РСМ свикување на итна седница за разгледување на состојбата и обезбедување средства за санација на штетите предизвикани од земјотресот во Општина Битола

1. Советот на Општина Битола донесе Заклучок да се обрати до Владата на РСМ за свикување на итна седница на која ќе ја разгледа состојбата во Општина Битола по земјотресот и ќе донесе Одлука за обезбедување средства за санација на штетите предизвикани од земјотресот.

2. Се овластува претседателот на Советот на Општина Битола со писмен допис да побара од Владата донесување на Одлука како во точка 1 од овој заклучок.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-03/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за давање на трајно користење без надоместок на настрешници во функција на објект на КП бр.8216 КО Битола 4“ сопственост на Општината Битола на ЈП Пазари Битола ........................................................ 1

О Д Л У К А Засогласност и кофинансирање на проектот „Smart4You2“ .................................... 2

ОДЛУКА за примање на донација – БЕКУТАН КИДС ВИТС – Б КОМПЛЕКС сируп од Алкалоид АД Скопје ............................. 3

ОДЛУКА за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Битола во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво“ ........... 4

Р Е Ш Е Н И Е за измена на Решението за изменување на постојан овластен претставник од Советот на Општината Битола за годишните собранија на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола ......................................... 6

РЕШЕНИЕ за давање на согласност на Ценовникот за вршење на услуги за отстранување на оштетени и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на општина Битола на ДООЕЛ АЛЕКС ШЛЕП Битола .......................................... 7

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за добивање согласност за работа на воспитните групи со поголем број деца, односно со помал број на деца во детските градинки кои работат во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“Битола. ........................................... 8

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола. ..................................................................... 9

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови во Комисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди......................... 9

ЗАКЛУЧОК со кој се бара од Владата на РСМ свикување на итна седница за разгледување на состојбата и обезбедување средства за санација на штетите предизвикани од земјотресот во Општина Битола ......................... 10

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211